# Известување за концентрациіа помеѓу **Телемах БХ д.о.о. Сараево Босна и Херцеговина и МИСС.НЕТ д.о.о. Бихаќ, Босна и Херцеговина**
(предмет бр. 08-134/2022)

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренциіата („Службен весник на Република Македониіа“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 05.10.2022 година, до Комисиіата за заштита на конкуренциіата е доставено известување за концентрациіа коіа се однесува на стекнување самостојна контрола од страна на друштвото Телемах БХ д.о.о. Сараево (Telemach BH d.o.o. Sarajevo), со седиште на улица Џемал Биједиќ бр. 216, Сараево, Босна и Херцеговина, над друштвото МИСС.НЕТ д.о.о. Бихаќ (MISS.NET d.o.o. Bihać), со седиште во Бихаќ, Сараевска 24, Босна и Херцеговина.

## Учесници во концентрациіата и нивни деловни активности:

**Телемах БХ д.о.о** претставува телекомуникациски оператор активен во Босна и Херцеговина, кој работи во потесната групација во состав на БЦ Партнерс – Јунајтед Груп (United Group), која обезбедува телекомуникациски и медиумски услуги во неколку држави од регионот. БЦ фондовите се исклучиво финансиски инвеститори, т.е. не се вклучени во секојдневните деловни активности на компаниите во кои инвестираат, со кои управуваат сопствени одбори на директори.

БЦ Партнерс има регистрирано присуство во Република Северна Македонија преку следните индиректно зависни друштва:

- Тотал ТВ ДОО Скопје, со регистрирано седиште на Булевар ВМРО бр. 3, Центар, Скопје, кое се бави со дејности на сателитска телекомуникација,

- ДИРЕЦТ МЕДИА ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на Орце Николов 68/3, Центар, Скопје, кое се бави со маркетиншки дејности, односно со откуп и продажба на рекламен простор во печатени и електронски медиуми, и

- УГИ ФИБЕР ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на бул. Партизански Одреди бр. 14, Центар, Скопје, Република Северна Македонија, кое се занимава со дејности на сателитска телекомуникација.

МИСС НЕТ д.о.о претставува телекомуникациски оператор кој е активен исклучиво во Босна и Херцеговина, и тоа на територијата на градовите Бихаќ, Цазин и Босанска Крупа, во Унско-санскиот кантон. Целното друштво на своите корисници им обезбедува услуги на фиксна телефонија, широкопојасен пристап на интернет (кабелски и оптички), како и дистрибуција на медиумски содржини.

МИСС НЕТ не е присутно и не остварува приход во Република Северна Македонија.

Подносителот на известувањето смета дека како релевантни пазари, за целите на оценка на концентрациіата, може да се дефинират: ***пазар за фиксна телефонија, пазар за фиксен широкопојасен пристап до интернет*** и***) пазар за дистрибуција на медиумски содржини***, сите на ниво на продажба на мало.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

07.10.2022 година
Скопје